EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

ВТОР ДЕЛ

ОДЛУКА

Апликација бр. 27875/16
Луиза ЦАНЕВА против Северна Македонија
и 25 други апликации
(види ја табелата дадена во прилог)

Европскиот суд на човекови права (втор дел), заседавајќи на 11 април 2023 година како Комисија, составена од:
Лорејн Шембри Орланд, *Претседател,*
Јован Илиевски,
Диана Сарку, *судии,*
и Дороти фон Арним, *Заменик регистратор,*

Имајќи ги предвид горенаведените апликации поднесени на различните датуми наведени во табелата во прилог,

Имајќи ги предвид декларациите поднесени од тужената Влада меѓу 25 февруари и 8 јуни 2021 година, со кои се бара Судот да ги отфрли апликациите од списокот на предмети и одговорот на апликантите на тие декларации,

Откако ги разгледа, одлучи како што следува:

ФАКТИ И ПОСТАПКА

1. Во прилог е дадена табела со апликантите, сите Македонци/граѓани на Република Северна Македонија. Сите нив ги застапува г-ца Д. Чакаровска-Гроздановска, адвокат кој работи во Скопје. Апликантот во апликациите бр. 53217/17 и 55495/17, г-ца М. Анастасова, починала во 2021 година. Нејзиниот син, г. И. Анастасовски, изрази намера да продолжи со апликациите и ја овласти г-ца Д. Чакаровска-Гроздановска да го застапува во постапката пред Судот.

2. Тужената Држава ја застапува нејзиниот Агент, г-ца Д. Џонова.

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

3. Жалбата на апликантите од член 1 од Протоколот бр. 1 кон Конвенцијата во врска со плаќање фиксен паушал за греење за нивните станови е доставена до Владата на Северна Македонија (Владата).

ЗАКОНОТ

4. Имајќи го предвид сличниот предмет на апликациите, Судот смета дека е соодветно да ги разгледа заедно во една одлука.

5. Во согласност со добро утврдената судска пракса за оваа претставка (види, *inter alia*, *Trivkanović против Croatia (бр. 2)*, бр. 54916/16, §§ 44-47, 21 јануари 2021), Судот смета дека синот на апликантот г-ца М. Анастасова, член на тесното семејство, има право да ја продолжи постапката наместо тој апликант.

6. По неуспешните обиди да се постигне спогодбено решавање, со дописи поднесени меѓу 25 февруари и 8 јуни 2021 година, Владата го информираше Судот дека предложила да се даде унилатерална декларација во поглед на решавање на прашањето поставено од апликантите. Дополнително, таа побара од Судот да ги отфрли апликациите во согласност со член 37 од Конвенцијата.

7. Во унилатералните декларации беше наведено следното:

> "... со ова Владата би сакала – преку унилатерална декларација – да потврди дека оспорената постапка не ги исполни барањата на правата на апликантот заштитени со член 1 од Протокол бр. 1 кон Конвенцијата...
>
> Со овој износ ќе се покрие каква било и секаква нематеријална штета, како и трошоци и расходи, плус каков било данок што може да му се наметне на апликантот. Овој износ ќе биде претворен во националната валута според курс кој важи на датумот на плаќање и ќе биде исплатена во рок од три месеци од датумот на известување за одлуката на Судот во согласност со член 37 § 1 (в) од Конвенцијата...
>
> ...Според судската постапка на Судот, можеби ќе биде соодветно, под одредени околности, да се отфрли апликација согласно член 37 § 1 (в) од Конвенцијата, врз основа на унилатерална декларација доставена од тужената Влада, дури и ако апликантот сака разгледувањето на предметот да продолжи.
>
> ... Во светлина на горенаведеното и во согласност со член 37 § 1 (в) од Конвенцијата, Владата, имајќи ги предвид условите на оваа декларација, би сакала да предложи дека околностите на конкретниот случај му овозможуваат на Судот да изведе заклучок дека од 'која било друга причина' повеќе не е оправдано да продолжи со разгледување на апликациите.
>
> Освен тоа, нема причини од општ карактер, како што е дефинирано во член 37 § 1 *in fine*, заради кои би било потребно понатамошно разгледување на случајот врз основа на таа одредба.
>
> Затоа, Владата го повикува Судот да ја/ги отфрли апликацијата/апликациите од списокот на предмети."

Износите предложени во унилатералните декларации, поднесени за секој апликант посебно, се утврдени во прилогот.

8. Со дописи од 25 април, 3 јуни и 18 јуни 2021 година, апликантите, преку нивниот правен застапник, укажале на тоа дека не биле задоволени со условите на унилатералната декларација врз основа на тоа што, во согласност со релевантните домашни закони што важеле во тој период, одлука за отфрлање на Судот би ги спречила да побараат повторно отворање на домашната постапка против неа. Исто така, тврделе дека самиот износ понуден од Владата не претставува соодветна оштета за прекршокот за кој е поднесена жалбата.

9. Со последователен допис од 3 ноември 2022 година, правниот застапник на апликантите го информираше Судот дека, заради одземање на дозволата за работа на приватното претпријатие за топлинска енергија, апликантите повеќе не сметаат дека со повторно отворање на граѓанската постапка ќе се постигне целта за добивање каква било оштета на домашно ниво.

10. Судот повторува дека во член 37 од Конвенцијата е утврдено дека, во која било фаза од постапката, Судот може да одлучи да отфрли апликација од списокот на предмети чии околности водат до еден од заклучоците наведени во (а), (б) или (в) од став 1 од истиот член. Со член 37 § 1 (в), особено, му се овозможува на Судот да отфрли случај од списокот на предмети доколку:

> „од која било друга причина чие постоење го утврдува Судот, не е повеќе оправдано да се продолжи со разгледувањето на апликациите.“

11. Судот повторува дека под одредени околности, тој може да отфрли апликација согласно член 37 § 1 (в) врз основа на унилатерална декларација доставена од тужената Влада, дури и ако апликантот сака разгледувањето на предметот да продолжи.

12. За таа цел, Судот треба да ја разгледа декларацијата во согласност со начелата што произлегуваат од неговата судска пракса, а особено од пресудата за Тахсин Ацар (*Tahsin Acar против Turkey* (прелиминарните приговори) [GC], бр. 26307/95, §§ 75-77, ЕСЧП 2003-VI; *WAZA Sp. z o.o. против Poland* (dec.), бр. 11602/02, 26 јуни 2007 година; и *Sulwińska против Poland* (dec.), бр. 28953/03, 18 септември 2007 година).

13. Судот, дополнително, повторува дека во голем број случаи во кои можноста за барање повторно отворање домашна постапка би претставувала соодветен облик на обесштетување, тој одбива да ги прифати унилатералните декларации ако правото на поднесување барање за повторно отворање домашна постапка, по одлука на Судот да отфрли случај врз таа основа, не му е загарантирано на апликантот со домашното законодавство, како што би било за апликант за кого судот донел пресуда (види *Šarić and Others против Croatia*, бр. 38767/07 и 22 други, §§ 26-29, 18 октомври 2011 година и

Aviakompaniya A.T.I., ZAT против Ukraine, бр. 1006/07, §§ 33-34, 5 октомври 2017 година со дополнителни упатувања).

14. Судот утврди јасна судска постапка во однос на жалбите поврзани со попречувањето на правото на сопственост, а особено во случаите поднесени против Северна Македонија кои се слични со конкретните апликации (види *Стрезовски и други против Северна Македонија,* бр. 14460/16 и 7 други, 27 февруари 2020 година).

15. Имајќи ја превид природата на поднесоците содржани во декларацијата на Владата, износот на предложениот надоместок – кој е конзистентен со износите доделувани во слични случаи – како и поднесоците од апликациите од 3 ноември 2022 година во кои таа смета дека повторно отворање граѓанска постапка повеќе нема да служат за целта на добивање каква било оштета на домашно ниво (види став 9 погоре), Судот смета дека повеќе не е оправдано да продолжи со разгледување на апликациите (член 37 § 1 (в)).

16. Освен тоа, врз основа на горенаведените размислувања, а особено имајќи ја предвид јасната и обемна судска пракса на темата, Судот е задоволен во однос на почитувањето на човековите права како што се дефинирани во Конвенцијата и со Протоколите кон неа не се бара од него да продолжи со разгледувањето на апликациите (член 37 § 1 *in fine*).

17. Судот смета дека износите доделени во унилатералната декларација треба да бидат претворени во националната валута, според курс кој ќе важи на денот на исплата, и да се исплатат во рок од три месеци од датумот на известување за одлуката на Судот издадена во согласност со член 37 § 1од Европската конвенција за човекови права. Во случај да не се постигне спогодба во тој период, на предметните износи ќе се плаќа проста камата со стапка која е еднаква со маргиналната стапка за кредитирање на Европската централна банка плус три процентни поени.

18. На крај, Судот нагласува дека, доколку Владата не ги почитува условите утврдени во нејзината унилатерална декларација, апликациите може да се вратат на списокот во согласност со член 37 § 2 од Конвенцијата (*Josipović против Serbia* (dec.), бр.18369/07, 4 март 2008 г.).

Со оглед на горенаведеното, соодветно е предметот да се отфрли од списокот.

Од овие причини, Судот, едногласно,

Одлучи да ги спои апликациите;

Ги зема предвид условите во декларацијата и модалитетите за осигурување сообразност со обврските наведени во неа од страна на туженатa Државa;

Одлучи да ги отфрли апликациите од списокот на предмети во согласност со член 37 § 1 (в) од Конвенцијата.

Изготвена на англиски јазик, а изреката на пресудата на писмено е дадена на 11 март 2023 г.

{signature_p_2}

Дороти фон Арним
Заменик регистратор

Лорејн Шембри Орланд
Претседател

ДОДАТОК

Список на предмети:

Бр.	Апликација бр.	Назив на предметот	Поднесена на	Апликант Година на раѓање Место на живеење	Застапуван од	Износ доделен за нематеријална штета и трошоци по апликант/домаќинство (во евра)[1]
1.	27875/16	Цанева против Северна Македонија	09/05/2016	Луиза ЦАНЕВА 1965 Скопје	Данче ЧАКАРОВСКА-ГРОЗДАНОВСКА	1,035
2.	41424/16	Велески против Северна Македонија	14/07/2016	Благоја ВЕЛЕСКИ 1951 Скопје		855
3.	41444/16	Анастасовски против Северна Македонија	14/07/2016	Ацо АНАСТАСОВСКИ 1949 Скопје		855
4.	43410/16	Анастасовски против Северна Македонија	14/07/2016	Ацо АНАСТАСОВСКИ 1949		855

[1] Плус каков било данок што може да им се наметне на апликантите

Бр.	Апликација бр.	Назив на предметот	Поднесена на	Апликант Година на раѓање Место на живеење	Застапуван од	Износ доделен за нематеријална штета и трошоци по апликант/домаќинство (во евра)[1]
				Скопје		
5.	54523/16	Велески против Северна Македонија	07/09/2016	Благоја ВЕЛЕСКИ 1951 Скопје		855
6.	54525/16	Велески против Северна Македонија	07/09/2016	Благоја ВЕЛЕСКИ 1951 Скопје		855
7.	76320/16	Ненов против Северна Македонија	02/12/2016	Марјан НЕНОВ 1976 Скопје		855
8.	76341/16	Михајловска против Северна Македонија	02/12/2016	Александра МИХАЈЛОВСКА 1977 Скопје		990
9.	76354/16	Наумов против Северна Македонија	02/12/2016	Санде НАУМОВ 1961 Скопје		855
10.	77254/16	Наумов против Северна Македонија	02/12/2016	Санде НАУМОВ 1961 Скопје		855

Бр.	Апликација бр.	Назив на предметот	Поднесена на	Апликант Година на раѓање Место на живеење	Застапуван од	Износ доделен за нематеријална штета и трошоци по апликант/домаќинство (во евра)[1]
11.	16068/17	Ненов против Северна Македонија	21/02/2017	Марјан НЕНОВ 1976 Скопје		855
12.	16069/17	Ненов против Северна Македонија	21/02/2017	Марјан НЕНОВ 1976 Скопје		855
13.	16070/17	Анастасовски против Северна Македонија	21/02/2017	Ацо АНАСТАСОВСКИ 1949 Скопје		855
14.	16288/17	Мисовски против Северна Македонија	21/02/2017	Зоран МИСОВСКИ 1953 Скопје		810
15.	16289/17	Мисовски против Северна Македонија	21/02/2017	Зоран МИСОВСКИ 1953 Скопје		810
16.	53090/17	Дамеска против Северна	21/07/2017	Јадранка ДАМЕСКА		990

Бр.	Апликација бр.	Назив на предметот	Поднесена на	Апликант Година на раѓање Место на живеење	Застапуван од	Износ доделен за нематеријална штета и трошоци по апликант/домаќинство (во евра)[1]
		Македонија		1958 Скопје		
17.	53217/17	Анастасовски и Анастасова против Северна Македонија	21/07/2017	Марија АНАСТАСОВА Родена:1941 Почината: 2021 Скопје <u>Наследник</u>: Игор АНАСТАСОВСКИ 1967 Скопје		810
18.	55495/17	Анастасовски и Анастасова против Северна Македонија	21/07/2017	Марија АНАСТАСОВА Родена:1941 Почината: 2021 Скопје <u>Наследник</u>: Игор		810

Бр.	Апликација бр.	Назив на предметот	Поднесена на	Апликант Година на раѓање Место на живеење	Застапуван од	Износ доделен за нематеријална штета и трошоци по апликант/домаќинство (во евра)[1]
				АНАСТАСОВСКИ 1967 Скопје		
19.	12477/18	Трајковски против Северна Македонија	06/03/2018	Радојко ТРАЈКОВСКИ 1945 Скопје		675
20.	13560/18	Ненов против Северна Македонија	14/03/2018	Марјан НЕНОВ 1976 Скопје		855
21.	31263/18	Наумов против Северна Македонија	26/06/2018	Санде НАУМОВ 1961 Скопје		855
22.	31268/18	Наумов против Северна Македонија	26/06/2018	Санде НАУМОВ 1961 Скопје		855
23.	38108/18	Трајковски против Северна Македонија	06/08/2018	Радојко ТРАЈКОВСКИ 1945 Скопје		675

Бр.	Апликација бр.	Назив на предметот	Поднесена на	Апликант Година на раѓање Место на живеење	Застапуван од	Износ доделен за нематеријална штета и трошоци по апликант/домаќинство (во евра)[1]
24.	57165/18	Ненов против Северна Македонија	27/11/2018	Марјан НЕНОВ 1976 Скопје		855
25.	25883/19	Трајковски против Северна Македонија	09/05/2019	Радојко ТРАЈКОВСКИ 1945 Скопје		675
26.	43850/20	Ненов против Северна Македонија	21/09/2020	Марјан НЕНОВ 1976 Скопје		720